Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 19-та седница одржана на 29.06.2021 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Поради потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција, спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19, Советот на Агенцијата одлучи во периодот до 31.12.2021 година седниците да се одржуваат преку видео конференциска врска.

2. Во текот на времетраењето на периодот наведен во точка 1, седниците на Советот може да се одржуваат и со физичко присуство во просториите на Агенцијата, во зависност од состојбата со Коронавирусот.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата

**Бр.** 02-2465/2
29-06.**2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**